Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 08-327/10
11.08 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Архивски број: (

Постапувајќи по претставка бр. 08-327/1 од 03.06.2022 поднесена од [redacted] од Крушево против Агенција за иселеништво и [redacted] за сторена дискриминација врз основ на етничка припадност во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на РСМ“ бр. 258/2020), на __________ година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност од страна на Агенцијата за иселеништво и [redacted] врз лицето [redacted] во областа на работата и работните односи.

### Образложение

На 19.05.2022 до Генералниот секретаријат на Владата, лицето [redacted] доставило електронска претставка со број 46-81/1 за сторена дискриминација врз основ на етничка припадност во областа на работата и работните односи.

Имајќи ги во предвид надлежностите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, Генералниот секретаријат како ненадлежен државен орган да постапува по претставката, истата ја достави до Комисијата.

Комисијата добивајќи ја претставката, по разгледување на истата и по остварен контакт со лицето [redacted], отвори предмет за водење на постапка за заштита од дискриминација бр. 08-327 на 03.06.2022 година.

Согласно наводите од претставката, подносителот [redacted] е вработен на работно место, Самостоен референт за прием, средување и евиденција на документација во Секторот за одржување и унапредување на врските со иселеништвото, информирање и културен развој на иселениците – Одделение за комуникација и информирање во Агенцијата за иселеништво. Тој во претставката наведува дека се чувствува дискриминиран врз основ на етничка припадност во повеќе наврати. Притоа, тој наведува дека работната средина во Агенцијата доведува до не соодветен однос помеѓу вработените, односно дека од страна на непосредно раководни лица постои дискриминација, во форма на вознемирување врз основ на етничка припадност, со што се повредува достоинството на вработените кои се дел од

повеќе етнички заедници во Агенцијата. Во наводите тој потенцира дека често се практикува говор на омраза врз него како Бугарин и врз други колеги припадници на албанската етничка заедница, со што се создавала меѓуетничка тензија помеѓу вработените во Агенцијата.

Понатаму, тој наведува дека исто така не се запазува застапеноста на припадници на етнички заедници во структурата на вработени во Агенцијата. Тој потенцира дека припадници на останатите етнички заедници треба да бидат правично застапени на сите нивоа, пред се, алудирајќи на работни места со раководни звања. Притоа, наведува дека всушност припадници на помали етнички заедници се ограничени, односно се оневозможуваат да бидат вработени на повисоки работни места и работни места со раководни звања.

На 14.06.2022, Комисијата согласно член 24 став 7 и член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави известување до Агенција за иселеништво и [redacted] со барање за писмено произнесување по наводите од претставката, во рок од 15 дена од приемот на известувањето.

На 08.07.2022 година Агенцијата за иселеништво, односно директорот [redacted] достави произнесување по претставката заедно со приложена документација кон истото. Во дописот е наведено дека не е прв пат именуваниот да пишува вакви и слични известувања, претставки барања и слично, со истата реторика до сите именувани директори на Агенцијата, до Владата, до Народниот правобранител и други органи, посебно во периодите на заминување на една власт и поставување на нови кадри на раководни места. Понатаму, се наведува дека од страна на подносителот секогаш било потенцирано истото, односно дека е дискриминиран по етничка основа, прво како Влав, а последно како етнички Бугарин, иако најпрво се декларирал како Македонец. Во изјаснувањето се наведува и дека односот меѓу вработените во Агенцијата не е воопшто таков како што го опишува подносителот на претставката, за што говори и фактот дека до директорот за цело време на вршење на функцијата не се изнесени никакви поплаки, ниту пријавени било какви вознемирувања врз вработени од албанска етничка припадност од страна на други вработени или раководители на сектори и одделенија. Спротивно на тврдењата на подносителот, во изјаснувањето од Агенцијата се наведува дека веднаш по стапувањето на функција директор на Агенцијата за иселеништво, на барањето на вработениот [redacted] неговото стекнато високо образование да биде вреднувано во бодовите за пресметка на платата, е позитивно одговорено од страна на директорот.
Агенцијата како дополнување на изјаснувањето од 08.07.2022 година, до Комисијата достави допис на 05.08.2022 година, со кој дополнително истакнува дека во периодот од 2015 година во Агенцијата е спроведена само една постапка за унапредување со интерен оглас за работно место Раководител на одделение, а која постапка не е успешно спроведена, односно реализирана.

Членот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Лимко Бејзароски, на ден 29.06.2022 година во 13 часот, по налог на Комисијата, согласно член 29 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, изврши непосреден увид во просториите и документацијата во врска со предметот бр. 08-327 во седиштето на Агенцијата за иселеништво. Поради искажаните тврдења на Ацо Павлоски во претставката, именуваниот член на Комисијата реализирал три разговори со тројца етнички Албанци вработени во Агенцијата и притоа сите негираа дека било каков притисок бил вршен врз нив по основ на етничка припадност од страна на раководните структури во Агенцијата за иселеништво, како и дека меѓуетничките односи се одлични со одредени разбирливи недостатоци кои се надминуваат. Од нивна страна е потврден само податокот за не унапредување во кариера на припадниците на албанската заедница. Како што истакнале, сите вработени Албанци од како се вработиле на работните места за кои конкурирале, никој од нив не е унапреден (помлад соработник од почеток до крај на кариера), тоа е причина за одредено незадоволство, но навреди по етничка припадност немало.

Комисијата ценејќи ги наводите во претставката и приложената документација кон неа, како и изнесените наоди во изјаснувањето од страна на Агенцијата, односно [redacted]ја утврди следната фактичка состојба:

Комисијата не располага со доволно податоци за да го смета за веројатно тврдењето на подносителот на претставката дека е сторена дискриминација.

Имено, подносителот не доставил доволно податоци, односно потребни податоци за тоа дали во изминатиот период биле спроведени постапки за унапредување, односно објавени интерни огласи, а на кои огласи иако пријавени вработени - кандидати од различна етничка припадност, сепак биле избирани кандидати само од една етничка припадност. Не постои конкретен податок за спроведена постапка за унапредување со интерен оглас за работно место на кое можел да конкурира како кандидат подносителот на претставката, па врз основа на определени дејствија да биде утврдено дека е сторена директна дискриминација врз него, со негов не избор или со негово исклучување или ограничување само затоа што е припадник на одредена етничка заедница.

Дискриминација, согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставува секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или не сторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Понатаму, согласно член 26 од истиот Закон, подносителот на претставката кој тврди дека во согласност со одредбите на овој закон е сторена дискриминација е должен да ги изнесе сите факти што го прават тврдењето веројатно. Доколку Комисијата утврди дека тврдењето е веројатно, тогаш товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката.

Оттука, согласно содржаните наводи во претставката и прилозите кон неа и притоа ценејќи ги и изнесените факти и околности од страна на лицето против кое е поднесена претставката, Комисијата утврди дека тврдењето за сторена дискриминација не е веројатно, за да понатаму го префрли товарот на докажување на потенцијалниот дискриминатор.

Следствено на тоа, Комисијата забележува дека вработувањата, како и унапредувањата во одредена државна институција се спроведуваат врз основа на изработен годишен план за вработувања, кој план се изработува врз основа на Методологијата за планирање утврдена во Законот за вработени во јавен сектор („Службен весник на РМ" бр. 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 143/2019, 14/2020 и 302/2020). Институциите, согласно член 5 од истиот Закон, имаат обврска да ги планираат вработувањата со годишни планови, меѓутоа, согласно со нивните потреби и согласно со Актот за систематизација на работните места, со кој се утврдува внатрешната структура на работните места во Агенцијата, со предвиден број на извршители за секое работно место. Комплементарно на тоа, говори и фактот што во самата Агенција практично во подолг изминат период не се спроведени постапки за унапредување на вработени, од каде би можело да се утврдува постоење на дискриминација по основ на етничка припадност, односно дека со одредено сторување или не сторување, предност се давало на одредени вработени од одредена етничка припадност.

Понатаму, во однос на нарушената работна средина и меѓучовечките односи на вработените во Агенцијата, каде согласно подносителот на претставката, се изнесени тврдења дека е присутно вознемирување врз основ на етничка припадност, од страна на вработени и пред се, од страна на раководни структури во Агенцијата, Комисијата повторно забележува дека подносителот не изнел доволно податоци, односно факти со кои ќе го стори веројатно таквото тврдење.

Имено, подносителот не го поткрепил ваквото тврдење со определени сведоштва, во форма на пример изјави и од други вработени, за тоа дека е спроведуван некаков вознемирувачки говор врз одредени вработени во Агенцијата по основ на нивна етничка припадност.
Подносителот на претставката, воедно, во истата го истакнува таквото однесување како говор на омраза, што пак, од друга страна, истото претставува квалификација за кривично дело согласно Кривичниот законик, за што пак, надлежни се други државни органи за водење на други соодветни постапки.

Согласно горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател,
Кире Василев

Доставено до:
- [redacted]
- Агенција за иселеништво ул. Македонија бр. 19, Скопје
- Архива на Комисија за спречување и заштита од дискриминација Бул. Даме Груев бр. 1, 1000 Скопје